# Уставно право

| Прилог бр. 3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **УСТАВНО ПРАВО** | | | |
| 2. | Код | 50814 | | | |
| 3. | Студиска програма | Правни студии | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први” во Скопје<br>Институт за правно-политички науки<br>Катедра за уставно право и политички систем | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус на студии | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година / втор семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 8 (осум) |
| 8. | Наставник | Проф.д-р Рената Дескоска<br>Проф.д-р Марика Ристовска<br>Проф.д-р Јелена Трајковска-Христовска<br>Доц. д-р Денис Прешова | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Согласно Одлука за правила на студирање на Правниот факултет „Јустнијан Први“ во Скопје, УКИМ | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Примарната цел на предметот уставно право, како основен предмет од првата година на правните студии, е темелно и детално запознавање на студентите со основните поими, категории, концепти, институти и институции поврзани со уставното право. Цел на предметната програма по уставно право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења од обласна на уставното право како гранка на правото и како научна дисциплина. За остварување на овие цели предметната програма ќе ги обработи теоретските аспекти на уставното право, а потоа ќе се фокусира на нивната практична примена.<br>Со наставната програма Уставно право, студентите ќе можат:<br>• да го разберат поимот и содржината на уставното право<br>• да ги разберат изворите на уставното право<br>• да разликуваат уставно право како гранка на правото и уставно право како научна дисциплина<br>• да ги разберат моделите на организација на власта и да можат да го определат типот на организација на власт во Република Македонија<br>• да ги осознаат предизвиците во регулирањето и спроведувањето на уставните одредби за човековите права<br>• да се оспособат за анализа на уставните норми во Република Северна Македонија<br>• да добијат продлабочени сознанија за уставниот систем на Република Северна Македонија<br>• аналитички и критички да ги согледаат уставно-правните проблеми кои се јавуваат во праксата.<br>Целта на овој предмет е да ги запознае студентите со суштинските прашања поврзани со ограничувањето на државната власт, осносно да им понуди продлабочени знаења за одредени апспекти на човековите права и механизмите за нивна заштита, како и за системот на организација на власта и неговите внатрешни механизми за самоограничување. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: Во рамките на уставното право се изучуваат теоретските прашања за поимот на уставното право, извори на уставното право, историскиот развиток на уставното право, поимот устав, видови устави, постапката за донесување и менување на уставот. Во фокусот на овој предмет се и прашањата кои се однесуваат на уставното право на Република Северна Македонија: темелните вредности на уставниот поредок, човековите права и механизмите за нивна заштита, поделбата на власта, улогата и карактеристиките на централните институции во републиката: Собрание, претседател на Републиката, Владата, судството, јавното обвинителство, Уставниот суд, народниот правобранител, локалната самоуправа, принципот на граѓанство и граѓанскиот суверенитет и облиците на остварување на суверенитетот - посредна и непосредна демократија. Во рамките на предметот студентите ќе се стекнат со знаења и за други уставни категории: локалната самоуправа, воената и вонредната состојба. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Методи на учење:<br>Во рамките на овој предмет ќе бидат организирани предавања, семинари, консултации и истражување. За време на часовите се очекува активно учество на студентите во анализа на случаи, како и во дебатата по определени академски ставови и судски одлуки. Однапред доставениот силабус до студентите, со назначените теми за расправа за секој час, учебникот како и дополнителните материјали што треба да се консултираат треба да овозможи нивна подготовка и активен однос кон наставата. Основната интенција на методите кои ќе се користат во наставата е стимулирање на креативната студентска мисла, развивање на аналитичка и критичка мисла за предметните прашања и дилеми. | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 160 | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 75 + 0 + 0 + 0 + 85 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 75 | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | 0 | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 0 | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 0 | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 85 | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Тестови | 90 поени | | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | X | | |
| | 17.3. | Активност и учество | 10 поени | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | | |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | | |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | Присуство на над 50% од предавањата | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | | | |
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Рената Дескоска<br>Марика Ристовска<br>Јелена Трајковска-Христовска | **Уставно право** | Просветно дело, Скопје | 2021 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Adler John | Constitutional and Administrative Law | Macmillan, | 1994 |
| | | 2. | Adonis Andrew | Parliament today | Manchester University press | 1993 |
| | | 3. | Agresto John. | The Supreme Court and Constitutional Democracy | Cornell University Press | 1984 |
| | | 4. | Carroll Alex | Constitutional and administrative law fourth edition | LongmanEssex | 2007 |
| | | 5. | Cassese Antonio | Human Rights in Changing World | Polity Press | 1990 |
| | | 6. | Hague, Rod& Harrop, Martin | Comparative Government and Politics, eight edition | Palgrave MacMillan | 2010 |
| | | 7. | Jovičić, Miodrag | Veliki ustavni sistemi | Beoград | 1984 |
| | | 8. | Pusic Eugen | Upravni sistemi tom1 | Zagreb | 1985 |
| | | 9. | M.Vile | *Constitutionalism and the Separation of Powers,* | Liberty fund | 1998 |
| | | 10. | Elster, J. and R. Slagstad. | Constitutionalism and Democracy". | Chambridge University Press | 1988 |